**ЗАПИСНИК**
**Од 30-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 10.10.2023 година, со почеток во 12:00 часот**

Скопје, октомври 2023 година

**ЗАПИСНИК**
**Од 30-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 10.10.2023 година, со почеток во 12:00 часот**

Триесетата седница на Општина Бутел се одржа на 10.10.2023 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Теодора Спасенцовска, Александар Ѓорѓевски, Стојан Петкуќевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Чедо Николовски, Мартин Бошковиќ, Аљајдин Сали, Љејља Исени, Сеад Арслани, Самир Исени, Дарко Димовски.

На седницата отсуствуваше советничката Оливера Ливриниќ.

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски и Секретарот на Општина Бутел г.Вене Тасев.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот д-р Игор Николов.
Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

За ова седница беше предложен следниот

ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за подготовка за почеток со работа на Општинско основно училиште „Визбегово“ во с.Визбегово.

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог-дневниот ред. Советникот Игорче Милановски се пријави за збор и побара дополнување на дневниот ред, со дополнителна точка: „Одлука за доделување финансиска поддршка за спортистот Алмедин Колашинац, во износ од 25.000 денари, за учество на Европското првенство во кик-бокс во Рим, Италија“.
Советникот Чедо Николовски се пријави за збор и побара да се оправда отсуството на советничката Оливера Ливриниќ, бидејќи е на службен пат во Софија, Р.Бугарија.
Претседателот на Советот д-р Игор Николов го стави на гласање дневниот ред со дополнителната точка, предложена од советникот Игорче Милановски.
Советниците со 18 гласови „ЗА“ го усвоија предложениот дневен ред.

**Прва точка: Предлог-Одлука за формирање на Комисија за подготовка за почеток со работа на општинско основно училиште „Визбегово“ во с.Визбегово.**
Претседателот на Советот отвори расправа по првата точка од дневниот ред. Секретарот на општина Бутел г.Вене Тасев образложи дека е неопходно брзо постапување, во врска со формирање на Комисија за подготовка за почеток со работа на Општинско основно училиште „Визбегово“ во с.Визбегово и предложи комисијата да биде

составена од пет члена, вработени во Општина Бутел: Вене Тасев, Дејан Митровски, Каролина Насковска, Бесник Идризи и Ана Младеновска.

Секретарот Вене Тасев нагласи дека Општина Бутел како основач на Општинското основно училиште „Визбегово“ во с.Визбегово, согласно законот има обврска да формира Комисија која ќе изработи Статут, други акти и други административни работи кои што ќе овозможат почеток со работа на Општинското основно училиште.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави првата точка на гласање.
Советот на Општина Бутел ја усвои првата точка со 15 гласови „ЗА“ и 3 гласови „ПРОТИВ“.

**Втора точка: Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на Алмедин Колашинац.**
Претседателот на Советот отвори расправа по втората точка од дневниот ред.
По оваа точка, советникот Игорче Милановски, го образложи барањето за финансиска поддршка на спортистот Алмедин Колашинац.
Советникот Чедо Николовски нагласи дека треба да се поддржи секое барање за финансиска помош, на спортистите во Општина Бутел.
Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави втората точка на гласање.
Советниците едногласно ја усвоија втората точка, со 18 гласови „ЗА“.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот д-р Игор Николов констатираше дека триесетата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Д-р Игор Николов